Врз основа на член 23 од Законот за Здруженија и Фондации(„Сл.Весник на РМ“ бр.52 / 2010 год.), Собранието на Здружението на пензионерите –Крушево на седницата одржана на 28.12.2016 година, донесе

# С Т А Т У Т
## На Здружението на пензионерите – Крушево
## ( Пречистен текст)

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ:

**Член 1**

Со Статутот на Здружението се уредуваат: Начинот, условите и постапката за зачленување во Здружението, правата, обврските и одговорностите на членовите, правниот статус, името и седиштето на Здружението, цели и дејности за остварување на целите, органи на Здружението и нивниот состав, начинот на избор на органите и траењето на мандатот, начинот на одлучување, застапување по Закон, стекнување и располагање со средствата, остварување на јавност и отчетност на работењето, соработка и здружување со други здруженија, одлучување за статусни промени за престанок на Здружението, постапување со средствата и имотот во случај на престанок на Здружението, донесување и измена на Статутот, како и други прашања од значење за работата на Здружението.

**Член 2**

Во Здружението на пензионерите – Крушево членуваат сите корисници на пензија (старосни, семејни и инвалидски, воени, корисници на пензија од други држави) кои слободно и доброволно потпишале писмена изјава, односно идните пензионери при поднесување на барањето за стекнување право на пензија ќе потпишат изјава во Подрачната единица на Фондот на ПИОМ со која се согласуваат да бидат членови на Здружението на пензионери Крушево и при исплатата на пензијата, Стручната служба на ФПИОМ да им врши задршка во определен износ на име средства за солидарен фонд – посмртна помош и членарина.

Членување во Здружението започнува со денот на правосилноста на Решението за стекнување право на пензија.

**Член 3**

Покрај пензионерите од населените места на општината Крушево, во Здружението на пензионерите – Крушево членуваат и корисниците на пензија од МЗ: с.Житоше, с.Локвени и с.Подвис, кои правата од пензиското и инвалидското осигурување (поднесување на барање за стекнување право на пензија, исплата на посмртната помош и друго) и правата од здравственото осигурување и здравствената заштита ги остваруваат во подрачните служби со седиште во Крушево.

Сите корисници на пензија од наведените населени места од ставот 1 од овој член доброволно имаат потпишано изјава за членување во Здружението на пензионерите Крушево.

**Член 4**

Членовите на Здружението имаат право да избираат и да бидат избрани во органите и телата на Здружението и во Ограноците.

Членовите на здружението имаат право да учествуваат на седници на ограноците и на органите на Здружението, да даваат предлози до органите и да покренуваат иицијативи за подобрување на животот на пензионерите, за зголемување на пензиите, за поефикасно работење на Здружението и неговите органи и тела, како и за надмимување на евентуално негативните појави во работењето на Здружението.

**Член 5**

Членовите на Здружението, своите активности ги извршуват со почитување на Уставот на РМ, законите и одредбите од овој Статут.

## 2. ИМЕ, СЕДИШТЕ И ПРАВЕН СТАТУС НА ЗДРУЖЕНИЕТО:

**Член 6**

Името на Здружението гласи: „Здружение на пензионерите – Крушево”.

Скратено име на Здружението е: **„ЗП-Крушево”.**

Седиштето на Здружението е во Крушево на улица „Илинденска бб”.

**Член 7**

ЗП – Крушево е организација со својство на правно лице.

ЗП – Крушево е регистрирано во согласнот со Законот на Здруженија и фондации.

ЗП- Крушево не може да се трансформира во друг вид на правно лице.

**Член 8**

Здружението има печат и штембил.

Печатот има тркалезна форма со пречник од 30 мм, со текст кој гласи: „Здружение на пензионерите и во средината на печатот „Крушево”.

Штембилот е во форма на правоаголник со големина на 65 x 25mm, со текст како на печатот и место за број и дата.

**Член 9**

Здружението е невладина, непартиска, непрофитабилна и мултиетнична граѓанска организација.

Здружението е самостојно и независно во управувањето, и донесувањето на одлуките, во определување и остварување на целите со вршење на дејностите и активностите определени со овој Статут, а согласно со Уставот и Законот

Со здружувањето во СЗПМ, **ЗП-Крушево не го губи својството на правно лице и својата автоманија.**

**Член 10**

Здружението е членка на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ).

Здружението го одбележува 20-ти Септември како Ден на пензионерите на Македонија.

## 3. ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И ДЕЈНОСТИ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ЦЕЛИТЕ:

### а) Цели на Здружението:

**Член 11**

Главна и крајна цел на Здружението на пензионерите е:

Вршење на дејности и активности за подобрување на условите за живот на корисниците на пензија со покренување на иницијативи и предлагање на

мерки до надлежние државни органи за надминување на животните проблеми со кои се соочуваат пензионерите, особено оние со ниски пензиски примања.

За остварување на целите, Здружението ги врши следните работи:

- ја следи примената на законите и другите прописи од областа на пензиското и инвалидското осигурување и од областа на здравственото осигурување и здравствената заштита;
- доследно ги применува одредбите на Статутот, Програмата за работа, финансискиот план и другите нормативни акти на Здружението;
- го применува Статутот на СЗПМ и другите акти што ги донесуваат органите на Сојузот;
- преку избраниот претставник учествува во работата во органите на СЗПМ;
- го следи и унапредува начинот на дејствување и работење на Ограноците на Здружението;
- ги унапредува културните и спортските активности на пензионерите членови на Здружението;
- организира спортски и културни активности по ограноци и на ниво на Здружение;
- учествува на Регионални и Републички спортски натпревари, како и на културната манифестација – Ревија на песни, музика и ора на ниво на Регион определен од СЗПМ и на Републички ревии на песна, музика и ора;
- доделува парична помош на тешко болни пензионери согласно Финансискиот план, почитувајќи ги критериумите од Правилникот за доделување на парична помош, особено на пензионери со ниски пензии, а кои користат скапи лекарства што не се на позитивната листа на лекови;
- непосредно остварува соработка со подрачните служби на ФПИОМ и ФЗО, со здравствени јавни и приватни установи;
- ја следи состојбатата со набавка на лекови од позитивната листа и се грижи за редовно снабдување со лекови;
- остварува соработка со органите на Локалната самоуправа, согласно потпишаната Спогодба;
- остварува соработка со ОО на ЦК во согласност со потпишаната Спогодба, како и со други организации од граѓанскиот сектор од хуманитарен карактер;
- остварува соработка со синдикалната органицазија;
- остварува соработка со здруженија на пензионери од Регионот и пошироко во Државата и
- врши и други работи за остварување на заедничките цели и интереси на корисниците на пензија согласно Статутот на ЗП-Крушево, Законите и Уставот на РМ.

**б) Дејности за остварување на целите**

Покрај активностите за остварување на целите наведени во преходниот член, Здружението врши и дејности со кои може да се стекне добивка и кои се обавуваат во просториите на Пензионерскиот дом сопственост на Здружението и тоа:

- во клубот на пензионерите (уредена просторија во составот на Пензионерскиот дом), организира и приредува забавни игри за

рекреација на пензионерите (игри со карти, шах, табла, домино и пикадо);
- во клубот се послужуваат безалкохолни пијалоци (сок, кафе и чај), како и алкохолни пијалоци (пиво, ракија и вино);
- пензионерскиот дом располага со три деловни простории од кои две сали во кои се обавува приватна угостителска дејност и една канцеларија:
- деловните простории, по пат на јавен оглас, се даваат на корисници кои плаќаат месечна закупнина чија висина ја определува ИО;
- во составот на Пензионерскиот дом има три станбени корисни единици – гарсоњери кои ги користат исклучиво пензионери кои го немаат решено станбеното прашање согласно критериумите утврдени со правилник и
- закупнината од издавањето на деловните простории, како и киријата за користење на гарсоњерите претставува приходи на Здружението.

Наведените дејности на Здружението од ставот 1 на овој член се класифицирани според Националната класификација на дејности и истите се поврзани со целите на Здружението.

## 4. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО:

**Член 13**

Избори за органи во Ограноците и за претставници во органите на Здружението се врши на секои 4 (четири) години.

Изборите се распишуваат **најдоцна 30 дена** пред истекот на мандатот на дотогаш избраните органи.

Изборната – конститутивна седница на Собранието се одржува на секои 4 години до крајот на месец март по завршување на изборите во ограноците.

За работа на конститутивната седница, Собранието донесува Деловник за работа.

На конститутивната седница Собранието врши верификација на мандатот на новоизбраните преставници по предлог на верификациона комисија составена од 3 члена.

**Член 14**

Мандатот на избраните претставници во органите и телата на ЗП – Крушево трае 4 години со можност за избор на уште еден мандат.

**Член 15**

**Органи на Здружението се:**
- Собрание на Здружението;
- Извршен одбор;
- Надзорен одбор и
- Статутарна комисија

### а) Собранието на Здружението

**Член 16**

Собранието е највисок орган на Здружението и го сочинуваат избрани претставници од ограноците во зависност од бројот на пензионерите во ограноците.

Бројот на претставниците од Ограноците со Одлука го утврдува Собранието на Здружението по предлог на ИО.

Собранието го сочинуваат **21 преставник**.

**Член 17**

Собранието ги врши следните работи:

- донесува Статут на Здружението;
- донесува Годишна програма за работа;
- донесува Годишен финансиски план;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и истите ги објавува на својата ВЕБ страна;
- усвојува годишна завршна сметка;
- одлучува за промена на целите на Здружението;
- одлучува за основање или укинување на ограноците,
- избира и разрешува претседател на Собранието и претседател на Извршниот одбор, како и членови на Извршниот одбор, Надзорниот одбор и Статутарната комисија.
- избира преставник во Собранието на СЗПМ;
- одлучува за престанок на Здружението со 2/3 мнозинство гласови од сите членови на Здружението;
- одлучува за висината на членарината и дава согласност за делот од членарината со која се финансира СЗПМ;
- донесува Деловник за работа на Собранието;
- донесува одлуки, заклучоци и други акти за реализација на Програмата и Планот за работа;
- одлучува за отповикување на член на Собранието или на претставникот на Собранието на СЗПМ во колку не ги извршува статутарните обврски и не присуствува на седниците на Органите;
- одлучува за престанок на членството во СЗПМ;
- одлучува за здружување со други здруженија во Републиката и за соработка и збратимување со здруженија на пензионери од други држави;
- ги определува функциите во Здружението за чие вршење на работите следува надомест;
- врши и други работи определени со овој Статут, Статутот на СЗПМ, законските прописи и со Уставот на РМ.

**Член 18**

Собранието избира Претседател од редот на преставниците во Собранието по предлог на кандидациона комисија во состав од 3 члена.

Гласањето за избор на Претседател се врши јавно, а за избран се смета ако за истиот гласале мнозинство од вкупниот број на преставници (членови) во Собранието.

Во случај ако Кандидационата комисија предложи двајца кандидати за Претседател на Собранието, гласањето ќе се врши тајно со гласачки ливчиња. За Претседател ќе биде избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од присутните претставници на Собранието. Изборот го спроведува Изборна комисија од 3 члена избрана од претсавниците на Собранието.

**Член 19**

Изборот на Претседател на Извршниот одбор, како и членови на Извршниот одбор, Надзорниот одбор и Статутарната комисија се врши на ист

начин и иста постапка како и изборот за Претседател на Собранието определена во претходниот член.

**Член 20**

Претседателот на Собраниерто ги има следните права и обврски:

- го преставува Здружението;
- ги свикува седниците на Собранието, го предлага дневниот ред и раководи со седниците;
- ги кординира односите на Собранието со ИО во врска со предлагањето на дневниот ред на седници на Собранието;
- ја следи примената на статутот и деловникот за работа на Собранието;
- ја следи реализацијата на одлуките и другите акти што ги донесува Собранието.
- распишува редовни и вонредни избори за избор на претставници во органите на Здружението и Ограноците;
- присуствува на седниците на ИО кога се расправа за материјали кои ќе бидат предмет на разгледување и одлучување на седници на Собранието и
- врши и други работи што ќе им ги додели Собранието.

**Член 21**

Собранието работи на седници ако на истите присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Собранието;

Собранието по правило одржува седници по потреба, а најмалку два пати годишно;

Вонредна седница на Собранието може да се оддржи по писмено барање на 1/3 од членовите на Собранието, или по предлог на ИО и Надзорниот одбор.

Вонредната седница на Собранието се одржува најдоцна од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

**Член 22**

Одлуките и другите акти, Собранието ги донесува со мнозинство гласови од присутните.

Собранието одлучува со јавно гласање, а доколку за одредени прашања, а по предлог од најмалку 10 членови од присутните, Собранието може да одлучи гласањето да биде тајно.

Начинот на свикување на седниците на Собранието, работата на седниците и донесувањето на одлуките и другите акти, се утврдува со Деловникот за работа на Собранието.

**Член 23**

На член на Собранието ќе му престане мандатот пред истекот на времето за кој е избран во случај:

- кога сам ќе поднесе неотповиклива оставка;
- кога неоправдано не учествува во работата на Органите на Собранието најмалку последователно на три седници;
- кога ќе биде отповикан од Собранието кое му го верификувало мандатот;

**б) Извршен одбор на Собранието:**

**Член 24**

Извршниот одбор на Собранието се состои од 9 члена заедно со претседателот на ИО, кој истовремено е и претседател на Здружението. ИО од

својот состав избира секретар кој истовремено е и секретар на ИО, Собранието и Здружението.

Извршниот одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.

**Член 25**

ИО работи на седници.

Седниците на ИО ги свикува и со истите раководи претседателот на ИО, а во случај на негова спреченост и отсутност секретарот на ИО.

**Член 26**

ИО одлучува на седници ако на нив присуствуваат најмалку 2/3 од членовите на ИО, а одлуките ги донесува ако за истите гласале повеќе од 1/2 од вкупниот број на членови на ИО.

За седниците на ИО се води записник.

Записникот се доставува до членовите на ИО и истиот се усвојува на наредната седница, а го потпишуваат записничарот и претседателот на ИО.

**Член 27**

**Извршниот одбор ги извршува следните работи:**

- донесува Деловник за својата работа;
- ги подготвува седниците на Собранието:
- го утврдува Нацртот на Статутот и другите акти што ги донесува Собранието;
- ја спроведува политиката утврдена со Програмата и Планот за работа на Здружението;
- ги спроведува одлуките, заклучоците и другите акти што ги донесува Собранието;
- одлучува за висината за паричната помош на потешко болните пензионери, а по предлог на Комисијата за Здравство и социјална заштита;
- за својата работа поднесува годишен извештај до Собранието;
- управува со имотот и средствата на Здружението;
- одлучува за користење на средствата согласно финансискиот план на Здружението;
- донесува одлуки за формирање на стручна служба:
- ја определува висината на надоместокот на лицата ангажирани во стручната служба и во Пензионерскиот клуб;
- го определува месечниот надоместок на претседателот и секретарот на ИО;
- донесува одлука за висината на патните и дневните трошоци;
- одлучува за висината на надоместокот за присуство на седници на членовите на органите и телата на Здружението;
- одлучува за доделување на награди, благодарници и признанија на поединци и организации;
- одлучува по пат на јавен оглас, за доделување и користење на деловните и станбените простории и ја утврдува висината на месечната закупнина и кирија;
- формира постојани и повремени работни тела (комисии) за следење и проучување во дејностите што ги врши Здружението;
- донесува одлуки за учество на спортски игри и културни манифестации организирани во Здружението, на ниво на регион и на ниво на Сојузот;

- организира и спроведува еднодневни и дводневни екскурзии за пензионерите-членови на Здружението;
- ги разгледува предлозите и поплаките упатени до Здружението, ги проучува наводите во нив и превзема мерки за решавање на истите; За одлуките по предлозите и поплаките писмено се известуваат подносителите и
- врши и други работи од надлежност на Здружението согласно Статутот и Законите.

**Член 28**

**Постојани работни тела на ИО се**

- комисија за спорт и рекреација од 5 члена**;**
- комисија за културен забавен живот од 3 члена;
- комисија за здравство и социјална заштита од 3 члена;
- комисија за станбени прашања и деловен простор од 3 члена;

Делокругот на работа на горенаведените комисии, со Одлука го утврдува ИО.

**Претседател на Извршниот одбор и застапник на Здружението**

**Член 29**

Претседателот на Извршниот одбор, кој истовремено е и претседател на Здружението, ги има следните права и обврски:

- ги свикува седниците на ИО, предлага дневен ред и раководи со седницата;
- го застапува Здружението по Закон;
- го застапува Здружението во правниот промет и спрема трети лица;
- склучува и потпишува договори за користење на имотот и средствата на Здружението;
- поднесува пријава за запишување на статусните промени;
- поднесува предлог до надлежниот суд за престанок за постоење на Здружението во случај кога се исполнети законски утврдените услови;
- одговорен е за извршување на дејноста на Здружението со која се остварува целта на Здружението;
- одговорен е за законито работење на Здружението согласно Статутот, законите и Уставот на РМ;
- ги извршува обврските определени со Законот за Здруженија и Фондации, за застапување на Здружението во случај кога има статусни промени или промена во дејноста на Здружението;
- ги извршува одлуките, заклучоците и другите акти на ИО;
- се грижи за законито и наменско користење на имотот;
- се грижи за правилна употреба на финансиските средства кои се користат за остварување на целите на Здружението определени со Статутот и Програмата за работа;
- се грижи за целосна реализација на финансискиот план;
- предлага измени на финансискиот план (ребаланс) во зависност од промената на условите за работа во тековната година;
- се грижи за редовна и навремена исплата на посмртната помош на членовите од потесното семејство на пензионерот преку Подрачната служба на ФПИОМ;

- се грижи за редовно ажурирање на податоците во регистерот на пензионери што се води во Здружението;
- изготвува Извештај за работата на ИО;
- учествува во изготвување на Програмата за работа на Здружението и
- врши и други работи што се ставени во негова надлежност со Статутот и законите, како и со актите на органите на Здружението:

**Секретар на Извршниот одбор:**

**Член 30**

Секретарот на ИО ги има следните права и обврски:

- секретарот на ИО истовремено е и секретар на Собранието и на Здружението;
- ги спроведува одлуките, заклучоците и другите акти на Собранието, ИО и на помошните тела;
- организира и подготвува материјали за седниците на Собранието и на ИО;
- ја организира работата на стручната служба и со истата раководи;
- во случај на спреченост или отсутнуст на претседателот на ИО, го заменува со сите права и обврски што се ставени во негова надлежност;
- учествува во изрботката на финансискиот план за работа на Органите на ЗП;
- учествува во изготвувањето на периодичните пртсметки и годишната завршна сметка на ЗП;
- учествува во изготвувањето на нормативните акти што ги донесува Собранието и ИО;
- изготвува Финансиски извештај за работата на ЗП;
- ја организира работата на помошните тела на ИО и присуствува на нивните седници;
- се грижи за работата на пензионерскиот клуб;
- ангажира лица за одржување на хигиената во клубот и во работните простории на Пензионерскиот дом;
- врши и други работи што произлегуваат од Програмата за работа и одлуките на ЗП.

**в) Надзорен одбор:**

**Член 31**

Надзорниот одбор се состои од претседател и два члена;

Членовите на Надзорниот одбор ги избира Собранието од редот на пензионерите членови на ЗП што не се избрани во ораганите или помошните тела на Собранието. Надзорниот одбор одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

**Член 32**

Надзорниот одбор врши увид и надзор во материјално-финансиската документација и ја утврдува правилната примена на прописите од материјално-финансиското работење и наменското користење на финансиските средства.

При вршење на надзорот ги разгледува периодичните пресметки и годишната завршна сметка и финансиското работење на Здружението и поднесува извештај до ИО и Собранието. За најдените состојби во материјално-финансиското работење, Надзорниот одбор може да побара од претседателот на

Собранието да свика водредна седница. Надзорниот одбор, задачите определени со овој член ги врши по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**г) Комисија за статут**

**Член 33**

Статутарната комисија се состои од претседател и 4 члена.

По правило за членови на статутарната комисија се:

- двајца функционери за ЗП и тројца од составот на Собранието.

Членовите на статутарната комисија ги избира Собранието.

Статутарната комисија донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Статутарната комисија подготвува Нацрт на Статут кој го доставува до Извршниот одбор.

## 5. ОГРАНОЦИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО:

**Член 34**

Ограноци на Здружението се организираат за подрачјето на една или повеќе месни заедни, а во градот Крушево по определени улици што преставуваат одредена целина зависно од бројот на корисници на пензија.

**Член 35**

Огранокот на собирот на пензионери има Одбор на огранокот и омошни тела.

**Член 36**

Собирот на огранокот го сочинуваат сите корисници на пензија од подрачјето на кој е основан огранокот.

Собирот на огранокот од редот на своето членство избира:

- одбор на огранокот од 5 члена и тоа:
- претседател, секретар и 3 члена
- преставници за членови во Собранието на ЗП и
- членови на Комисијата за спорт, рекреација и културно-забавен живот од 5 члена.

Изборот на претседател, секретар , членови на Одборот на Огранокот и членови на комисијата, како и преставници на Собранието на ЗП се врши по предлог на Кандидациона комисија во состав од 3 члена по предлог на работното претседателство на Собирот на огранокот.

Собирот на Огранокот може да одлучи да отповика претставник во Собранието на ЗП доколку истиот не присуствува на седници или ако не го информира собирот за работа на Собранието.

**Член 37**

Собирот на огранокот го свикува и со него раководи претседателот на огранокот.

Собирот може да работи полноважно да одлучува ако на истиот присуствуваат најмалку 10% од вкуониот број пензионери – членови на огранокот.

Доколку на седницата нема присутни 10% од вкупниот број на членови, Собирот може да работи и полноважно да одлучува по истекот на половина час од закажаното време за одржување на собирот со мнозинство гласови од присутните членови на Собирот.

Доколку претседателот на Огранокот не свика собир на огранокот, претседателот на Собранието на Здружението, во определен рок ќе свика Собир на огранокот.

**Член 38**

Одборот на огранокот ги врши следните работи:

- ги разгледува материјалите од органите на ЗП
- покренува иницијативи, дава предлози и утврдува ставови по материјалите што се од интерес на пензионерите на огранокот;
- учествува во организирање на спортски игри и културни манифестации во рамките на Огранокот и учествува во активностите што ги организира Здружението;
- врши информирање на членството за работата на органите на ЗП;
- врши посети на болни и изнемоштени пензионери и предлага мерки до органите на ЗП за доделување на парична или друга хуманитарна помош согласно Правилникот на Здружението; и
- врши и други работи што произлегуваат од одлуките и другите акти на ЗП.

## 6. АКТИВ НА ПЕНЗИОНЕРКИ

**Член 39**

Во составот на Здружението на пензионерите- Крушево, посебен облик на дејствување преставуваат дејностите и активностите на Активот на пензионерки.

Активот на пензионерки го сочинуваат пензионерки – членови на Здружението.

Активот на жените – пензионерки избира одбор во состав од 5 члена.

Од составот на одборот се избира претседател и секретар на Активот.

Мандатот на членовите на Одборот на Активот на пензионерки трае 4 години со право на избор и друг мандат.

**Член 40**

Активот на жените донесува годишна програма за активност и дејствување.

Согласно програмата за работа на Активот, со финансискиот план на Здружението се предвидуваат средства за финансирање на планираните активности.

Активот на пензионерки организираат посети на тешко болни пензионери во нивните домови и предлага мерки до органите на Здружението за доделување на финансиска и друга хуманитарна помош, особено на пензионерите со ниски пензиски примања.

## 7. ИМОТ И СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 41**

Здружението на пензионерите – Крушево располага со недвижен имот зграда од цврст материјал (Пензионерски дом), кој исклучево е негова сопственост и истиот е заведен во Агенцијата за катастар на недвижности- Одделение за катастар на недвижности – Крушево, со имотен лист број 4186.

**Член 42**

Здружението средствата за финансирање ги стекнува од: членарина, донации, доброволни прилози, подароци, (во пари, добра и имотни права), како

и приходи од дејностите кои ги врши Здружението од работењето на Пензионерскиот клуб, закупнини, кирии, дивиденди, камати, заеми и друго…

**Член 43**

При користење на имотот и среставата за работа, органите на Здружението се раководат од начелото на добро управување и нивната употреба согласно законските прописи и финансискиот план на Здружението.

**Член 44**

Средствата за финансирање на дејноста на Здружението се распоредуваат со финансискиот план за тековната година, при што финансискиот план мора да биде урамнотежен помеѓу приходната и расходната страна.

**Член 45**

Финансискиот план на Здружението по правило се донесува до крајот на тековната година за наредната година.

Доколку, од било кои причини не се донесе финансискиот план до крајот на тековната година, Собранието донесува Одлука за времено финансирање на Здружението, за првите три месеци на наредната фискална година, во висина од 1/3 од остварените приходи и расходи во предходната година.

Собранието на Здружението, во зависност од користењето на предвидените средства, заради променети услови во работењето, може да врши измени (ребаланс) на финансискиот план.

**Член 46**

Наредбодател на извршување на Финансискиот план на Здружението е претседателот на ИО, а во случај на неговата отсустност или спреченост, секретарот на ИО. Користењето на средствата од сметките на Здружението се врши со еден овластен потписник.

**Член 47**

На членовите на органите на Здружението и од помошните тела им припаѓа надоместок на име патни и дневни трошоци, како надоместок за нивната работа и присуство на седниците во висина што ја определува ИО.

## 8. ЈАВНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 48**

Работата на Здружението е јавна.

Седниците на Собранието и другите органи на Здружението и на ограноците се отворени за јавноста и за претставниците на средствата за јавно информирање.

Заради запознавање и информирање на членовите на Здружението и пошироката јавност се користат печатот, радиото, телевизијата, весникот „Пензионер плус” и ВЕБ страницата на Здружението.

## 9. АДМИНИСТРАТИВНИ И СТРУЧНИ РАБОТИ

**Член 49**

За извршување на административните и стручните работи во Здружението се ангажираат пензионери од членовите на Здружението по пат на јавен оглас од локален карактер.

Изборот на пријавените кандидати го врши ИО по предлог на Комисија од 3 члена.

Со ангажираните лица за извршување на работите се склучува договор согласно законските прописи.

**Член 50**

Делокругот за работа за вршење на административните и стручните работи се определува со Правилник што го донесува ИО, а со кого се регулираат:

- материјалното-финансиското работење на Здружението;
- вршење на благајнички работи, магационер и снабдувач на канцелариски и други материјали, како и снабдување со пијалоци за потребите на Пензионерскиот клуб;
- водење на административни работи (деловодник и архива);
- вршење на угостителски работи во Пензионерскиот клуб; и
- чистење и загревање на просториите што ги користи Здружението;

Со Правилникот конкретно ќе се определи извршувањето на работните задачи поединечно за секој извршител.

**Член 51**

На лицата ангажирани за извршување на работите од претходниот член, им следува надомест што го утврдува ИО.

## 10. ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 52**

Нацрт на Статутот на Здружението го изготвува Статутарната комисија, по предходна расправа во Ограноците, а го утврдува ИО и го доставува на усвојување пред Собранието.

Статутот го донесува Собранието на Здружението со 2/3 гласови од вкупниот број членови на Собранието.

**Член 53**

Автентично толкување на Статутот, статутарните акти и другите акти што ги донесува Собранието дава Собранието, а на актите што ги донесува ИО дава самиот орган.

**Член 54**

За статусните промени и престанокот на Здружението се одлучува според одредбите на Законот за Здруженија и фондации.

## 11. ПРЕСТАНОК И ЗАБРАНА ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 55**

Забраната за работа и престанокот на Здружението, како и бришењето од Регистарот, ќе се врши согласно одредбите на Законот за Здруженија и фондации.

За престанок на Здружението се одлучува со 2/3 мнозинство гласови од сите членови на Здружението.

**Член 56**

По престанокот со работа на Здружението, за имотот и средствата што останувааат на обврските ќе одлучува Собранието со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието.

По намерување на обврските од доверителите, остатокот на средствата од Здружението ќе се пренесат во сопственост на локалната самоуправа.

## 12. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 57**

Постојните акти на Здружението ќе се усогласат со одредбите на овој Статут во рок од 6 месеци од неговото донесување.

**Член 58**

Со денот на влегување во сила на овој Статут, престанува да важи досегашниот статут на Здружението под број 02-23/1 од 17 март 2011 година.

**Член 59**

Статутот влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 60**

Бројот на преставници во Собранието и Извршниот одбор ќе се применува од наредните редовни избори.

Собрание на ЗП Крушево
Претседател,
Никола Атанасоски с.р